Врз основа на член 59 став 4 од Зконот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината за трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.весник на РМ“ бр.88/09), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ“ бр. 13/2011) и врз основа на член 22 точка 26 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за измена и дополнување на Правилникот**
**за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето**

Член 1

Во Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 1/2010) се врши измена и дополнување на начин што во член 16 се додава нова точка 4 која гласи: „За објектите од група на класи на намени големо Г-производство, дистрибуција и сервиси:

- Г1 Тешка и загадувачка индустрија, 0,05;
- Г2 Лесна и незагадувачка индустрија, 0,05;
- Г3 Сервиси, 0,05;
- Г4 Стоваришта, 0,05“.

Член 2

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-390/30
28.02.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска